# ПАРИТЕ НИЗ ИСТОРИЈАТА

Здраво, деца,
јас сум Денарко, а во вашите раце е последниот број на „РАЗВИГОР“ за оваа учебна година. Со нашето другарување научивме многу нови работи од областа на финасиите и економијата.




Да се потсетиме - научивме што се **пари,** што се **монети** а што **банкноти,** како се користат, но и како се штедат. Го открившме значењето на банкарските поми **кредитирање** и **депозити.** Научивме кои се **заштитните елементи на нашите банкноти,** се запознавме и со терминот **инфлација**. Денес ќе откриеме како настанале парите, па подгответе се за час по историја за настанокот на парите...




Знаеме дека парите се платежно средство за размена на стоки. Парите им служат на луѓето да купат или да продадат некоја стока или услуга. Но монетите и банкнотите не постоеле отсекогаш.



Некогаш луѓето го обезбедувале тоа што им требало со размена или трампа. На пример, се разменувала една овца за пет вреќи жито или еден коњ за десет вреќи ориз и слично.



Во најстарите времиња луѓето користеле размена на разни видови предмети и производи како средства за плаќање:
- предмети од природата (драгоцени камења, школки, бисери, жито, кафе, чај, тутун, сол)
- разни производи: кинеска свила, садови од керамика, порцелан, накит од злато, сребро и бронза, секири, мечови други лични работи.



Со развојот на трговијата било потребно да се најдат средства за плаќање што ќе бидат лесни за носење и делење, некршливи и трајни.



Во историјата на парите металот одиграл пресудна улога. Тој се покажал како идеално решение за трговците - цврст е, делив, лесен за обработка, препознатлив, лесен за транспорт, траен и постојан.